Република Северна Македонија
Министерство за информатичко
општество и администрација
Бр. 14-985/12
14.05.2021 год.
Скопје

# Записник од 26-та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: / E pranuar: 14.05.2021
Орг. Един. / Nj. org.: 14 | Број / Numër: 985 | Прилог / Shtojcë: 12 | Вредност / Vlera:

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Online седница | | |
| **Датум** | 31.03.2021 година | **Време** | 17.30 – 18:30 часот |
| **Бр. на седница** | 26-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Љубен Талев и Милан Николовски (независни експерти), Платин Салиу, Имер Далип и Ариан Ибраими (Македонска радиодифузија), | | |
| **Логистичка поддршка** | Мишко Талески, Владимир Соколов, Владимир Радосављевиќ, Ангел Симов и Букурије Јашари Мемети (МИОА) | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог записникот од седницата на НКБК одржана на 11.03.2021 година ;
2. Усвојување на Третиот Извештај на НКБК за развој на бродбендот во државата и спроведување на НОБП ;
3. Дискусија околу доставениот нацрт-извештај за Студијата за DESI индикаторите во државите од WB6, подготвен од RCC ;
4. Разно.

;

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов ја отвори 26-та редовна online седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни пет членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува.

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, го претстави предложениот дневен ред за седницата кој беше едногласно усвоен од членовите на НКБК.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК едногласно го усвоија записникот од 25-та седница одржана на 11.03.2021 година.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во врска со втората точка, претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, отвори дискусија за третиот по ред Извештај на НКБК за развој на бродбендот во државата и спроведување на Националниот оперативен бродбенд план (НОБП). Тој истакна дека согласно Законот за електронски комуникации Извештајот содржи три целини: првиот дел го опфаќа Извештајот за спроведување на усвоени стратешки документи и планови за развој на бродбендот во државата, односно на НОБП, вториот дел е Извештај и заклучоци од спроведено мапирање на постоечки и планирани бродбенд мрежи на операторите, состојба на крајот на 2020 година (овој Извештај беше усвоен на претходна седница на НКБК) и третиот - Извештај за развој на бродбендот во државата споредено со развојот во земјите членки на ЕУ а согласно DESI индикаторите.

Буковалов додаде дека активно учество во подготовката на Извештајот имаа и Агенцијата за електронски комуникации и ЈП Македонска радиодифузија, со спроведени активности во рамките на имплементацијата на НОБП.

Членот на НКБК, Славица Настеска, од своја страна истакна дека со овој извештај се бележи напредок во поглед на брзината на собирање на податоците, како и нивниот квалитет.

Во продолжение на седницата од страна на членовите на НКБК се отвори дискусија околу сите делови на Извештајот.

Врз основа на дискусијата **беше усвоен следниот заклучок**: НКБК да организира состанок со претставници на АЕК на кој согласно Извештајот ќе се дискутира за:

- цените за бродбенд услуги кои ги обезбедуваат операторите,
- додавање на урбани и рурални области во Системот на АЕК за поддршка на имплементација на НОБП (согласно податоци од Државниот завод на статистика),
- додавање локации на малите и средни компании во Системот за поддршка на имплементација на НОБП (согласно податоци од Централен регистар),
- за следното мапирање кои ќе се прави на постојни и планирани мрежи да се вклучат т.н “ very high capacity network“, согласно дефинициите во регулативите на ЕУ.

По завршувањето на дискусијата, Буковалов го стави на гласање предлог извештајот, по што членовите на НКБК едногласно го усвоија третиот Извештај на НКБК за развој на бродбендот во државата и спроведување на Националниот оперативен бродбенд план (НОБП).

Извештајот официјално ќе биде доставен до министерот и заменик министерот за информатичко општество и администрација, како и до директорите на ЈП Македонска радиодифузија и Агенцијата за електронски комуникации.

Доколку биде побарано од Канцеларијата на ЕУ во Скопје Извештајот ќе треба да им биде доставен, па во таа насока потребно е истиот да се преведе. Во таа насока, Буковалов ќе побара од Министерството да обезбеди превод на Извештајот на англиски јазик.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на третата точка, Буковалов отвори дискусија за доставениот нацрт-извештај за Студијата за DESI индикаторите во државите од Западен Балкан, подготвена од RCC, а финансирана од Европската комисија.

Славица Настеска истакна дека треба да се даде поддршка на заклучоците во извештајот во кои се предлага вклучување на Македонија во Европските студии, со кои што се следат одредени индикатори.

**Заклучок:** Членовите на НКБК да доставаат свои забелешки по однос на нацрт извештајот, со цел до RCC да се достави одговор.

**Во рамките на точката „Разно„** претседателот на НКБК, Буковалов, информира дека Владата ја разгледа и усвои Информацијата за формирање на Меѓуресорската работна група за меѓусебно усогласување и измена на законите и подзаконските акти поврзани со градење и електронските комуникации, со предлог одлука.

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ____________________